Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 07-653/5
26.08.2013 год
Новаци

Врз основа на член 15 став 1 точка 2 и член 46 од Статутот на Опш. Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност на чл. 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Советот на Општина Новаци, на ден 26.08.2013., донесе:

Одлука
за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички план за село Далбеговци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички план за село Далбеговци може да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Планскиот документ предвидува изградба на резиденцијални објекти А1 домување во станбени објекти – селско стопански дворови, објекти со намена Г2 – лесна индустрија, Б1- мали комерцијални и деловни намени, В1 – образование наука – основно училиште, В5 – верски институции, Е1-комунална инфраструктура, Е2 – комунална супраструктура, Е3 – некомпатибилна инфраструктура – пречистителна станица и други. Предвидените содржини, особено објектите за изградба со намена Г2 – лесна индустрија можат да имаат влијание врз животната средина кое ќе се контролира со примена на соодветните мерки и активности од документацијата од областа на животната средина. Со оглед на тоа што објектите со намена Г2 – **лесна индустрија** согласно со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. 74/05) би можеле да опфатат проекти дадени во во Прилог бр.2, точка 6. Хемиска индустрија, точка 7. Прехранбена индустрија и точка 8. Текстилна, кожна, дрвна и индустрија за хартија, а според член 3 за генерално определените проекти од Прилог 2 се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Република Македонија Општина Новаци